# МКД 02

## Жртвата не ја наплатила доделената компензација

Во овој случај станува збор за малолетна жртва на сексуална и трудова експлоатација. Кривичното дело се случило на повеќе локации низ Македонија. Притоа, жртвата прво била принудена да работи и да нуди сексуални услуги на различни клиенти од машки пол, а потоа била префрлена и експлоатирана од неколку сторители во индустријата за забава. Сторителот бил фатен додека ја пренесувал жртвата од Македонија кон Косово, а бил пресретнат од полицијата додека возел моторцикл. За трансферот/продажбата на жртвата, сторителот требал да добие €5.000,00. Во овој случај, било покренато обвинение против 5 сторители - една жена и 5 лица од машки пол. Сторителите биле обвинети за трговија со малолетно лице а целата постапка траела 4 години, по што лицето од женски пол било осудено на 8 годишна затворска казна за регрутирање на жртвата, а останатите четворица сторители од машки пол биле осудени на 4 години затвор. Преку својот адвокат, жртвата побарала компензација од 950.000,00 денари, а судот доделил 400.000,00 (€6.500,00). Судската пресуда е правосилна од јуни 2016, но жртвата сè уште нема отпочнато постапка против сторителите за наплата на доделената сумата. Жртвата се вратила во Албанија и не е повеќе во контакт со тимот на Ла Страда, па тие не се во можност да ѝ помогнат во извршување на пресудата и стекнување на доделената компензација. Ла Страда - Отворена Порта ѝ овозможи на жртвата психо-социјална помош и ги покри трошоците за психијатриското вештачење при утврдувањето на нематеријалната штета.